ИНТЕРВЈУ СО ГЛИГОР БИШЕВ, ГЕНЕРАЛЕН МЕНАЏЕР НА СТОПАНСКА БАНКА

# Не ние, државата ги поскапе кредитите

**БИЛЈАНА КРСТЕВСКА**


Фото: Маја Златевска

По лансиот голем раст на кредитите, граѓаните деновиве доживеаја ладен туш - банките ги поскапеа речиси сите камати. Тоа беше одговор на порастот на основната каматна стапка на Народната банка на Македонија со која заврши трката меѓу неа и Министерството за финансии во тоа кој ќе прибере повеќе пари од граѓаните, фирмите и банките. Глигор Бишев, генерален директор на Стопанска банка, вели дека банките биле принудени да ги поскапат заемите, но дека од поскапувањето ги исклучиле станбените кредити.

- Стопанска е транспарентна банка, која ги следи сигналите на монетарната политика и на другите регулаторни економски тела. Сигналот од монетарната политика беше дека парите стануваат поскапи. Оваа порака ја вградивме во активните и пасивните каматни стапки и нивното зголемување беше најнужно и најминимално за населението. Ние не ги зголемивме каматните стапки за станбените и за автомобилските кредити. Ги поскапивме, пред сè, необезбедените потрошувачки кредити, кои во услови на криза не се нужни за населението.

● **Цената на недвижниот имот мирува. Дали тоа значи дека каматните стапки на станбените кредити нема да се менуваат?**

- Постојано ги следиме движењата на домашниот и на странските пазари на недвижности како и движењето на каматните стапки. Зависно од нив, ако има потреба, може да дојде до корекција на каматните стапки на станбените заеми. Имајќи ги предвид сегашните состојби, оценивме дека засега тие треба да останат непроменети.

● **Дали фирмите сега потешко доаѓаат до кредити во Стопанска и ќе ги зголемите ли дополнително каматните стапки за стопанските заеми?**

- Го кредитираме стопанството без какви било ограничувања. Клучно е фирмите да имаат здрав проект и да се кредитоспособни. Карактеристично за компаниите е тоа што претежно позајмуваат во евра. Затоа ефектите од зголемувањето на каматната стапка на благајничките записи многу малку ги погодуваат претпријатијата. Еврокаматните стапки ги диктираат меѓународните пазари и кредитната способноста на фирмите. За компаниите исклучително е битна стабилноста на девизниот курс на денарот. Ако дојде до негова промена, тоа ќе ги поскапи еврокредитите.

Кај денарските кредити за фирмите, ги следиме сигналите на монетарната политика. Во спротивно, претпријатијата и населението наместо да депонираа пари во банките ќе ги инвестираат во државни или благајнички записи. Банките тогаш би го загубиле својот депозитен потенцијал, па нема да може да одобруваат кредити. Тоа е причината зошто, кога каматните стапки на државните обврзници и на благајничките записи се зголемуваат, банките мора да ги следат.

**€ Сигналот од монетарната политика беше дека парите ќе поскапат и оваа порака ја вградивме во каматните стапки и нивното зголемување беше најнужно и најминимално за населението**

### ЗГОЛЕМЕНО ШТЕДЕЊЕ

● **Дали се одлеваат депозитите од Стопанска банка?**

Депозитите на населението и на компаниите во првиот квартал од 2009 година растат. Стопанска банка во првите 3 месеци оствари пораст на вкупните депозити за околу 3 отсто споредено со 2008 година. И денарските и девизните граѓански заштеди се зголемија за околу 23 милиони евра, а на претпријатијата за околу 18 милиони евра. Темпото на раст на девизните депозити на населението значително го надминува темпото на раст на денарското штедење. Тенденцијата на забрзан раст на девизните депозити почна од средината на третиот квартал од 2008 година. Од друга страна, населението почна да штеди подолгорочно. Околу 40 отсто од депозити од населението се со рок на доспевање од една и на повеќе од една година. По правило долгорочното штедење е повеќе во евра отколку во денари. Има значително учество и на штедни влогови и до три години.

До средината на 2008 година девизното штедење во Македонија се намалуваше за сметка на денарското. Но, во основа растеа и двете. Во јуни лани денарското граѓанско штедење учествуваше со 65 отсто во вкупните депозити од населението. Сега има обратен процес - побрзо расте девизното штедење.

На ниво на банкарски систем во првиот квартал имаше мало намалување на вкупните депозити на фирмите од околу 1 отсто. Но, тоа е од сезонски карактер. Во последните 10 години вкупните депозити во првиот квартал во просек се намалуваат.

● **Дали поради кризата граѓаните и фирмите што имаат заем од Стопанска потешко ги враќаат кредитите и влошено ли е кредитното портфолио?**

- Сервисирањето на кредитните обврски во Стопанска банка сè уште е на високо ниво. Вкупните нефункционални кредити, вклучувајќи го и наследеното портфолио од пред продажбата на банката, на крајот на 2008 година беа 6 отсто. Лошите кредити во однос на новокреираното портфолио од 2000 година до денеска изнесуваат околу 2 отсто. Сите нефункционални кредити се целосно резервирани независно од тоа дали банката за нив има обезбедено хипотека. Имаме исклучително добри резултати споредено и со меѓународните банки. Стапката на нефункционални заеми на крајот од 2008 година кај необезбедените потрошувачки кредити беше 3,4 отсто, кај кредитните картички 2,8 отсто, кај станбените 1,7 отсто, а кај автомобилските 1,6 отсто.

● **Може ли НБМ со својата политика да предизвика дефлација, на што постојано ја предупредува Владата?**

Врз домашната инфлација најмногу влијаат увозните цени. Директното учество на вкупниот увоз во бруто-домашниот производ на Македонија е 60 отсто. Неговото учество се искачува и до 80 отсто ако се земат предвид инпутите што увозот ги има во другите домашни производи. Значи, контрола на инфлацијата е можна само со стабилни увозни цени. Но, сега, поради глобалната економска криза, цените во светот паѓаат. Пред кризата цената на нафтата достигна околу 110 долари за барел, а денеска е околу 43 долари за барел. Слично е и со цените на металите, храната... Сега светот стравува од дефлација. Но, Македонија не може да ги диктира светските цени. Сега дефлаторните притисоци не се генерирани од внатре, туку се увезени, исто како и инфлацијата во минатата година.

### БАНКИТЕ СИГУРНИ

● **Дали ако кризата во македонското стопанство се продлабочи таа ќе се прелее и врз банките?**

Постои нераскинлива врска меѓу реалниот и финансискиот сектор. Првиот удар од глобалната економска криза одеше од финансискиот сектор кон реалниот. Вториот бран се движи во обратна насока. Намалувањето на профитабилноста на реалниот сектор, немањето доволно нарачки, производство и продажба влијае врз работењето на компаниите и на нивниот капацитет за сервисирање на обврските. Тоа значи дека ќе се зголемува невработеноста, што ќе влијае врз капацитетот на населението редовно да ги сервисира обврски кон банките. На светско ниво има пад на економската активност во сите земји и зголемување на невработеноста. Во САД стапката на невработеност се удвојува, а слична е состојбата и во еврозоната. Тоа повратно влијае на кредитното портфолио на банките. Забавувањето на економската активност во Македонија ќе влијае на одредено влошување на кредитното портфолио на банките, односно на способноста на претпријатијата и на населението редовно да ги исполнуваат своите обврски. Сепак, банките во Македонија лани остварија добивка од околу 100 милиони евра и имаат висока адекватност на капиталот од 16 отсто. Значи, тие имаат капацитет да апсорбираат одредени влошувања во работењето на компаниите. Капацитетот на банкарскиот систем да апсорбира лоши заеми а притоа да не се загрози стабилноста и сигурноста е околу 250 милиони евра, а вкупните кредити во Македонија изнесуваат околу 2,7 милијарди евра. Не очекувам Македонија да претрпи огромно економско назадување и голема невработеност. Ќе има влошување, особено во секторите што се извозно ориентирани, но тоа ќе биде на рок од 10 до 15 месеци.

● **Како Стопанска банка финансиски ја заврши минатата година?**

Според сите стандарди, Стопанска банка во минатата година остана водечка банка во Македонија, според сите критериуми. Тоа го достигна според големината на активата од 975 милиони евра, вкупните кредити од 681 милион евра, депозитите од 769 милиони евра и според големината на капиталот од 160 милиони евра. Стопанска е една од најстабилните банки во Македонија со адекватност на капитал од 16,2 отсто. Капиталот на Банката лани го зголемивме за дополнителни 25 милиони евра. Добивката по оданочување од 22 милиони евра остварена во 2008 година нема да биде распределена. Со тоа сакаме да ја обезбедиме сигурноста и безбедноста на Банката, да создадеме основа за одржлив раст и да ги зголемиме изворите за долгорочно кредитирање на населението и на стопанството. Лани подеднакво ги кредитиравме населението и претпријатијата. Во портфолиото на Банката потрошувачките кредити учествуваа со 32 отсто, заемите за големите компании со 24 отсто, а малите и за средните фирми учествуваат со 16 отсто во вкупното кредитно портфолио, микрокредитите со 6 отсто, станбените кредити со 11 отсто и автомобилските позајмици со 4 отсто.

Во првите три месеци годинава го продолживме својот раст и достигнавме вкупна актива од околу 1 милијарда евра. Депозитите и кредитната активност кон населението и компаниите продолжија да растат. Првиот квартал во 2009 година го завршивме со профит повисок од остварениот во 2008 година.


Joint efforts for sustainable development of the cross border region
Gotce Delchev—Kratovo as an attractive tourist destination
BG 2005/017-456.01-12



Општина Гоце Делчев во партнерство со Општина Кратово реализираат проект “Заеднички напори за одржлив развој на пограничниот регион Гоце Делчев-Кратово, како атрактивна туристичка дестинација” – BG 2005/017-456.01-12. Од проектот за 245 056.14 € се реализирани следните активности:

⇒ Реновирање на плоштадот во с.Делчево и изградба на јавни тоалети;
⇒ Собирање и систематизирање на информации за туристичките атракции во регионот;
⇒ Промовирање на три нови погранични туристички атракции и печатење на брошури за истите:
  ⇒ Свети Трифон Зарезан и Делчевска свадба (14.02);
  ⇒ Мегународна изложба на детски слики (цртежи);
  ⇒ Ењовден во Делчево 20-22.06.2009г.;
⇒ Одржување на фестивал “Културни традиции и занаети во пограничниот регион Гоце Делчев-Кратово”;
⇒ Свечено пуштање во употреба на плоштадот;
⇒ Работна средба на тема: “Погранично партнерство за промоција на регионот како туристичка дестинација”;

Општина Гоце Делчев, Бугарија
гр. Гоце Делчев, ул. Царица Јоанна 2
Тел: +359 / 751 / 60070, 60060, фах: 60066
E-mail: oba@gocenet.net
Http://www.gotsedelchev.bg

Општина Кратово, Македонија
Гр. Кратово, пл. Маршал Тито, 66 - 1360
Тел: +389 / 31 / 481-202, фах +389/31/481-134
opstina_kratovo@yahoo.com
http://www.opstinakratovo.gov.mk

Овој материјал е објавен со финансиска помош на Европската Унија.
Изложеното во него е идеја на Општина Гоце Делчев и не ја одразува официјалната политика на Европската Унија.